Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во рамки на ИПА проектот „Активација на ранливи групи на пазарот на трудот" финансиран од Европската Унија, а врз основа на Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2023 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија, за мерката **2.1 Субвенционирање на вработување - ИПА**, на ден 26.06.2023 година, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК/ИЗВЕСТУВАЊЕ**

до работодавачи за вклучување во мерката Субвенционирање на вработување

Се повикуваат заинтересираните работодавачи микро, мали и средни фирми, социјални претпријатија и граѓански (непрофитни) организации кои се занимаваат со економска активност при вршење на својата дејност, а кои имаат потреба за вработување на соодветни лица да се пријават во работните клубови на Центрите за вработување на Агенцијата за вработување на РСМ.
Програмата не вклучува работодавачи од државни, јавни институции, единици на локална самоуправа и Градот Скопје.
Мерката предвидува да опфати невработените лица од евденцијата на АВРСМ, кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот: ГМП корисници, жени, млади до 29 години, Роми, лица со попреченост и долгорочно невработени лица.

Право на учество ќе имаат **работодавачи** кои ги исполнуваат следните критериуми:

- Вкупниот број на работници на денот на аплицирање и пред реализацијата на поддршката не треба да биде понизок од просечниот број на вработени лица на неопределено време во претходната календарска година, освен ако причините за намалување на бројот на вработени лица на неопределено време се поради прекин на работниот однос поради отказ од страна на работникот, остварување на право на пензија, смрт, неспособност за работа;
- Ги имаат подмирено сите обврски по основ на исплатени плати и придонеси, од задолжително социјално осигурување;
- Немаат финансиска загуба во претходната година;
- Работодавачот да има најмалку едно вработено лице на неопределно време, со исклучок на граѓанските организации кои во моментот на аплицирање немаат вработено лице;
- Лицата на кои работниот однос (на определено или на неопределено време) им престанал една година пред вработување во активна мерка, истите нема да бидат подржувани со повторни вработувања кај истиот работодавач, со исклучок на граѓанските организации;
- Бројот на ново-вработени лица кои работодавачот може да ги вработи преку програмата Субвенционирање на вработување, не може да биде поголем од **50% од просечниот број на вработени лица во претходната календарска година**, при што максималниот број не може да биде поголем од 5 лица кај еден работодавач во една календарска година, освен при вработување на корисници на гарантирана минимална помош каде максималниот број на вработени лица со оваа мерка не е ограничен;
- Работодавач што има едно вработено лице, граѓанските организации кои немаат ниту едно вработено лице и правните субјекти формирани по **01.07.2022** година максималниот број на поддржани вработувања изнесува едно лице;
- Работодавач за исто лице не може да користи два пати финансиска поддршка за вработување без разлика на која мерка се однесува.

како и врз основа на основни принципи кои треба да се почитуваат при имплементацијата на програмите и мерките за вработување, како и услугите на пазарот на трудот, односно:

- Принципот на диверзитет и инклузивност за сите општествени категории во приватниот сектор согласно принципите на правична и адекватна застапеност на етничка, полова, религиозна, расна или било која друга ранлива категорија на граѓани во согласност со стандардите и практиките на Обединетите нации и Меѓународната организација на трудот;

- Поттикнување на рамномерен регионален развој, во согласност со податоците од Бирото за регионален развој и степенот на развиеноста на планските региони во Република Северна Македонија.

(Агенцијата за вработување по службена должност ќе ги обезбеди горенаведените податоци за правните субјекти кои ќе аплицираат на јавниот повик)

За вработување на едно лице, работодавачот ќе биде финансиски поддржан од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во износ од **19.000,00** денари месечно, за период од **6 месеци** по вработено лице. Работодавачот може на работникот да му исплати и повисока плата од субвенционираниот износ.
Работодавачот кој ќе вработи невработено лице со оваа мерка, има обврска лицето да го задржи во работен однос по завршување на субвенционирањето во дополнителен период од уште **3 месеци,** односно **вкупно 9 месеци**.
Условите, правата и обврските ќе бидат уредени со склучување на договор за субвенционирано вработување помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ, работодавачите и кандидатите.

Заинтересираните работодавачи можат да аплицираат за вработување на лица - корисници на ГМП (гарантирана минимална помош), жени, Роми, млади до 29 години, лица со попреченост и долгорочно невработени лица до **25.08.2023** или до исполнување на предвидениот опфат на корисници, односно до искористување на буџетските средства наменети за оваа мерка.

Детални информации можат да се добијат во работните клубови на 30-те Центри за вработување на Агенцијата за вработување на РСМ, контакт телефонот 02-3111-850 и веб страната **www.av.gov.mk** , како и во ИПА канцеларијата на ipa@avrm.gov.mk

**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**